Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 27.03.2022

Денеска (27.03.2022) во 00.40 часот на ул.„Ленинова" во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Т.Д.(34) од Струмица, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (27.03.2022) во 00.05 часот на ул.„Хесинки" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (27.03.2022) во 00.30 часот на локалниот пат за гостиварското село Дебреше, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода М.А. (19), Ј.Е.(19) и А.И.(20), сите од Дебреше, кои се превезуваше со патничко возило „опел астра", со гостиварски ознаки. При нивен и преглед на возилото била пронајдена марихуана. Се расчистува и документира случајот, по што ќе им бидат изготовени поднесоци.

На 26.03.2022 полициски службеници на СВР Тетово, во близина на клучката за тетовски Грчишчи, ги лишила од слобода И.С.(25) и Д.Б (40) од Тетово, кои се превезуваше со патничко возило „форд фиеста", со тетовски регистарски ознаки, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе им биде изготвен поднесок по член 215 од Кривичниот законик.

На 26.03.2022 околу 20.30 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода И.Ч.(25), И.А.(32) и Р.Т.(22), тројата од Тетово, кај кои биле пронајдени марихуана и нож. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и против нив ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 26.03.2022 во 20.30 часот на ул.„Брегалничка" во Штип, полициски службеници од СВР Штип ги привеле Ф.А.(19), С.Т.(18) и двајца малолетници, сите од Штип. При преглед во возило „пежо", кое го управувал Ф.А., а останатите биле сопатници, кај еден од малолетниците била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.03.2022 во 22.15 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Г.И.(24) од Битола. То] се сомнили дека ноќта помеѓу 25 и 26.03.2022 со употреба на сила влегол во куќа на ул.„Девеани", сопственост на А.О.(35) од Битола и одзел повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и ќе бидат вратени на сопственикот, а по целосно документирање и расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.03.2022 во 20.20 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода Ш.М.(36) од Република Албанија, затоа што по извршените проверки беа констатирани дека во оперативните евиденции е со мерка „Апси", по барање на Интерпол-Германија. Лицето било предадено во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 26.03.2022 во СВР Битола било пријавено дека на магистралниот пат А3, кракот Прилеп – Ресен, во близина на тунелот кај место викано „Германски гробишта" биле пронајдени три артилериски граната со калибар 75 мм, кои потекнуваат од Правта светска војна, а во близина на северната трибина на Градскиот стадион „Под Тумбекафе" била пронајдена уште една артилериска граната со ист калибар, која исто така потекнува од Правта светска војна. Гранатите биле безбедно подигнати од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

На 26.03.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот,

на територијата на град Скопје изречени се вкупно 249 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 73 санкции, 39 мерки за возење под дејство на алкохол, 17 санкции за возење без возачка дозвола, 39 санкции за пречекорување што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон, шест санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, пет мерки за некористење сигурносен појас, осум санкции за возач почетник, шест санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 26.03.2022 во 19.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот „Пријателство", во близина на клучка „Хиподром", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „куда", со винички регистарски ознаки, управувано од А.С.(41) од Виница и патничко возило „опел астра", со скопски регистарски ознаки, управувано од З.Д.(56) од с.Јурумлери, скопско. На местото на несреќата починал З.Д., а спут констатирал лекар од Итна медицинска помош. Додека А.С. се здобила со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје. Увид извршила екипа од СВР Скопје и по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на одбукција.

На 26.03.2022 во засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 361 возач. Од нив 31 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 159 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 202 надвор од населено место.

На 26.03.2022 во 16.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека во С.Куклиш, струмичко, А.Д.(75) од с.Куклиш, управувајќи мотоцикл, изгубил контрола и паднал на коловозот. Притоа, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 26.03.2022 во 14.30 часот во Полициската станица Струга, А.Ј.(20) од с.Враништа, струшко, пријавила дека на „Машка плажа" во Струга била касната од куче, кое притоа го нападнало и нејзиното куче.

На 26.03.2022 околу 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" со тешки телесни повреди бил донесен малолетник од Скопје. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека во дворот место од семејниот дом на ул.„Методија Андонов Ченто" малолетникот бил удрен со патничко возило „форд фокус" од неговиот чичко В.Ф.(26), додека се враќал наназад. Увид бил извршен од екипа од СВР Скопје.

На 26.03.2022 во 12.10 часот во Полициската станица Гази Баба, В.К.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Трифун Хаџи Јанев" бил каснат од куче скитник.

На 26.03.2022 во 17.20 часот во Полициската станица Радовиш, А.Чч.(62) од Радовиш пријавила дека на ул.„Самоилова" била касната од куче скитник.

На 26.03.2022 во 21.20 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода М.Д.(44) од Кавадарци, затоа што кај него била пронајдена бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (27.03.2022) во 10.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го привеле Г.П.(34) од Куманово. За него била издадена судска наредба, со која се барал за доживување на затворска казна. Нешто подоцна, Г.П. бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Кушаје за доживување на казната.

На 26.03.2022 во 13.20 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода Н.Ф.(52) од Република Србија, со живеалиште во Гостивар. То] се сомнили дека предизвикал пожар во напуштен објект на порамнена фабрика во Гостивар, сопственост на правно лице од Гостивар. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Гостивар. Увид бил извршен и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.03.2022 околу 16.00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„Јоска Јорданоски" во Прилеп возило удрило во велосипед управуван од Д.С.(19) од Прилеп. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот Д.С., констатирани во Општата болница Прилеп. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Х.Р.(26) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 17.03.2022 полициски службеници извршиле преглед во патничко возило во кое се превезувал приграбенот, при што кај него биле пронајдени марихуана и дигитална вага.
На 26.03.2022 во 01.30 часот, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Р.Г.(19) и Љ.С.(18), двајцата од Росоман, затоа што се сомневаше агресивно и шпетите инвентар во угостителски објект во Росоман. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Н. од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бришење на јавен пренос без посебна на лиценца". На 03.02.2022 на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола на патничко возило - комбе „форд", управувано од приграбенот, при што утврдиле дека врши јавен пренос на патници без соодветни документи.

На 26.03.2022 во врска со инциденти на навивачи за време и по ракометниот натпревар Скопје, помеѓу екипите на Вардар и Пелистер, кој се одржа во спортска сала на подножјето на Аеродром, од страна на полициски службеници во полициска станица се приведени Д.А.(43) од Скопје и Т.Г.(37) од Велес и против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци. Во врска со настанот, во СВР Битола било пријавено дека околу 18.45 часот на бул.„АСНОМ" во Скопје од повеќе лица биле шутетени два автобуса, со приватни регистарски ознаки, на превозно претпријатие од Прилеп и два автобуса, со битолски регистарски ознаки, на превозно претпријатие од Битола, кои превезувале навивачи на спортски натпревар. Се преземаат дополнителни мерки за расчистување на случајот.

На 26.03.2022 во 14.10 часот во Полициската станица Делчево, вработена во продажен објект на ул.„Голачка" во Делчево пријавила дека женско лице, кое го познавала, платило производи со банкноти од 50 евра за која подолна во менувачница и рекле дека е фалсификувана. Банкнотата била одземена за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.03.2022 околу 03.30 часот на ул.„Јордан Мијалков" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(36) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршуваше службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.03.2022 околу 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Зендел Џемаил" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.А.(18) и А.Н. (20), двајцата од С.Трубарево, од една страна и Ј.С.(33) од Скопје, од друга страна. Сочинети за записници по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 26.03.2022 во 17.25 часот во Полициската станица Прибилштин било пријавено дека во Итна медицинска помош со повреда бил донесен малолетник од Прибилштин. Според пријавеното, повредата настанала од испукана дијабола од воздушна пушка. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.03.2022 во 20.00 часот во ОВР Кавадарци, Ѓ.З.(20) од Кавадарци пријавил дека околу 18.10 часот на ул.„Страшо Пинџур" во Кавадарци бил физички нападнат од Т.М.. Се работи на расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривични пријави против Љ.Ф. (47) и Г.Т.(31), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" и „непостапување согласно здравствени прописи за време на епидемија". На 17.03.2021 и 20.03.2021 на Граничен премин „Деве Баир" пријавените употребиле фалсификувани ПЦР тестови.
На 26.03.2022 во 13.20 часот во Полициската станица Дебар, П.С.(31) од Дебар пријавил дека околу 13.00 часот во населба Венец 1 во Дебар бил физички нападнат од М.Р.. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.03.2022 во 08.30 часот во СВР Штип, А.В.(38) од Штип пријавил дека на потегот од ул.„Балканска" кон село Чардаклија бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.К.(41) од Куманово и П.К.(36) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 25.05.2021 во Куманово, полициски службеници ги затекнале приграбените како се движат без да имаат дозвола за движење за време на забрана за движење на населението.

На 27.03.2022 во 01.10 часот во Полициската станица Центар, Ј.М.(41) од Скопје, вработен како доставувач, пријавил дека околу 00.10 часот на ул.„Благој Давков" едно лице со закана му одзело пари и производи за достава. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.03.2022 околу 11.30 часот на крстосница од ул.„Живко Фирфов" и ул.„Бранко Заревски" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Б. (22) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.03.2022 во 18.46 часот во СВР Скопје било пријавено дека во тобако на бул. „Мајка Тереза" едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.03.2022 во 08.15 часот во СВР Скопје, вработена во казино на бул.„Борис Трајковски" пријавила дека околу 08.05 часот кон казиното биле фрлени две шишиња со запалива течност, при што била оштетена влезната врата и настанал пожар кој бил изгаснат од вработените. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (27.03.2022) во 03.00 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека била извршена обљуба над 17-годишна штитеничка на СОС „Детско село од страна на Ѓ.Н. и С.С. од С.Кондово, скопско, со кого претходно била во љубовна врска. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Unet